ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
**ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**
**UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI**
Број, numer 02 - 6512/5
Дата, data 28. 09. 2010
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје и член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен Весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација -Скопје на својата дванаесетта седница, одржана на ден 28.09.2010 година донесе

# О Д Л У К А
## за измена на Ценовникот на услуги што ги врши ЈП Водовод и канализација -Скопје

Член 1

Во член 1 од Ценовникот на услуги што ги врши ЈП Водовод и канализација –Скопје Бр.02-6025/2 од 15.10.2002 год., во точката со реден број 31 се додава нова подточка „в" која гласи:

**31-в. Пескарење на водомер (комплет месинган прстен и куќиште) со димензии од DN=15mm – 40mm,**
**Цена: 120,00 денари парче, без пресметан ДДВ.**

Член 2

Останатите одредби од Ценовникот на услуги што ги врши ЈП Водовод и канализација –Скопје Бр.02-6025/2 од 15.10.2002 год. остануваат непроменети.

Член 3

Оваа Одлука да се достави до Советот на Град Скопје за давање согласност.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Од 2008 година Службата за оддржување на водомери е опремена со нова современа машина за пескарење на водомери, која досега е користена

исклучиво за потребите на претпријатието. Во последнот период се позачестени се барања од неколку комунални претпријатија од Македонија за користење на оваа услуга, поради што се јави потреба во постоечкиот ценовник на услуги да се вклучи и оваа услуга. Цената е дефинирана врз основа на методата на конкурентност и вкупните трошоци (цена на услугата).

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Илко Стојановски